Проектот „Граѓанска мрежа за спречување на конфликт на интереси во јавната администрација“
е финансиран од Европската Унија

**Јавна дебата:**
**„Како се трошат нашите пари?“**
28 април 2015 (вторник), Хотел Оаза - Штип,
почеток 11:00 часот

Почитувани,

Фондацијата за развој на локалната заедница - Штип и Граѓанската мрежа за спречување на конфликт на интереси во јавната администрација, Ве поканувааt на јавна дебата на тема „Како се трошат нашите пари?“, што ќе се одржи на **28 април 2015г**, **во Хотел „Оаза“ - Штип**, со почеток во **11:00 часот**.

На дебатата ќе се дискутира за спроведувањето на јавните набавки во единиците на локалната самоуправа, пред сè од аспект на зголемување на транспарентноста, отчетноста и одговорноста при трошењето на јавните пари на локално ниво, но и за проблемите и процедурите при спроведување на овие постапки. На дебатата ќе учествуваат неколку граѓански организации, претставници на локалната самоуправа и на универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип.

Во контекст на темата, домаќините од Фондацијата за развој на локалната заедница ќе го презентираат истражувањето за отчетноста и транспарентноста на локалната самоуправа во организирањето и спроведувањето на јавните набавки.

Свое видување за спроведувањето на јавните набавки на локално ниво ќе изнесат претставници на локалната самоуправа од Штип, универзитетот „Гоце Делчев“ и Едукативно-хуминатарната организација „ЕХО“.

Исто така, на настанот ќе биде претставено истражувањето на Здружението „Инвентивност“ од Радовиш, кое се фокусира на недостатоците и позитивните страни на актуелните политики поврзани со јавните набавки на локално ниво, во општините Радовиш и Конче.

Дебатата е дел од циклусот на јавните дебати што се организираат во повеќе градови низ целата земјата, во рамки на Проектот *„Граѓанска мрежа за спречување на конфликт на интереси во јавната администрација“*, што го спроведуваат Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ Скопје (ИДСЦС), Охрид Институтот за економски стратегии и меѓународни односи (ОИ) и Македонскиот институт за медиуми (МИМ), со финансиска поддршка на Европската Комисија, преку програмата IPA Civil Society Facility. Целта на проектот е ди ги зајакне улогата и придонесот на граѓанското општество во остварување на стандардите на доброто владеење и во процесот на ЕУ интеграција.

Изразените гледишта во никој случај не ги рефлектираат гледиштата на Европската Унија.

Институт за демократија „Социетас Цивилис“ Скопје (ИДСЦС).
Тел/Факс: +389 2 30 94 760, www.idscs.org.mk, contact@idscs.org.mk

Проектот „Граѓанска мрежа за спречување на конфликт на интереси во јавната администрација“
е финансиран од Европската Унија

**Програма на настанот**

10:45-11:00 Регистрација на учесниците

11:00-11:15 Воведно обраќање

Презентација на проектот *„Граѓанска мрежа за спречување на конфликт на интереси во јавната администрација“*
**Јован Близнаковски,** програмски директор во Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ Скопје (ИДСЦС)

11:15-12:15 Дебата: „Како се трошат нашите пари?“

УЧЕСНИЦИ

**Зоран Иванов**, Фондација за развој на локалната заедница, Штип

**Виолета Шаклева,** раководител на одделот за јавни набавки при Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип

**Кирил Јорданов**, соработник за јавни набавки во локалната самоуправа на Општина Штип

**Благица Киров** , Едукативно-хуминатарна организација „ЕХО“, Штип

12:15-12:45 Дискусија

12:45-12:15 Коктел

Изразените гледишта во никој случај не ги рефлектираат гледиштата на Европската Унија.

Институт за демократија „Социетас Цивилис“ Скопје (ИДСЦС).
Тел/Факс: +389 2 30 94 760, www.idscs.org.mk, contact@idscs.org.mk